12-05-2020
0102 46

08.05.2020

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02), и член 27 став 1 точка 31 од Статутот на Општина ("Службен гласник на Општина Дебар "бр.14/03), во врска со извештајот за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Дебар за 2017 година,

Советот на Општина Дебар на 35^та^ седница одржана на 29.04.2020 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА ДЕБАР ВО 2019 ГОД.**

**1.**Советот на Општината Дебар го усвои извештајот за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Дебар за 2019 година, поднесен од извршителот на Програмата, ЈКП„Стандард„-Дебар.

**2.**Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Дебар ".

Në mbështetje të nenit 36 të Ligjit për vetadministrim lokal ("Gazeta zyrtare e RM" nr.5/02) dhe të nenit 27 paragrai 1 pika 31 të Statutit të Komunës së Dibrës ("Kumtesa zyrtare e komunës" nr.14/03), lidhur me raportin për realizimin e programit për mirëmbajtjen e pastërtisë publike në Komunën Dibër për v. 2017

Këshilli i Komunës Dibër në seancën e 35^të^ të mbajtur në datën 29.04.2020 miratoi:

**P Ë R F U N D I M**
**PËR MIRATIMIN E RAPORTIT PËR REALIZIMIN E PROGRAMIT PËR MIRËMBAJTJEN E PASTËRTISË PUBLIKE NË KOMUNËN DIBËR PËR v. 2019**

**1.**Këshilli i Komunës Dibër miratoi raportin për realizimin e Programit për mirëmbajtjen e pastërtisë publike në Komunën Dibër për v.2019 i dhënë nga realizuesi i Programit NKP"Standard "-Dibër.

**2.**Ky përfundim hyn në fuqi ditën e miratimit dhe do të shpallen në "Kumtesën zyrtare të Komunës".

**Бр. Nr. 08-346/9**
**29.04.2020 год.viti**
**Дебар/Dibër**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА KËSHILLI I KOMUNËS**
**Претседател, Kryetari,**
**Башким Машкули Bashkim Mashkulli**

*JKP,,STANDARD"-D E B A R - NKP,,STANDARD"D I B Ë R*
*Javno komunalno pretprijatie ,,Standard" - Ndërmarja komunale publike „Standard"*

**Бр.nr** 0102-41/4 **tel. 046 831-500**

03-03-**2020 год./viti** **tel.faks 046 832-302**
**ДЕБАР** – ***DIBËR***

До :
Совет на Општина Дебар

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА ДЕБАР ЗА 2019г.

Дебар 2020 г.

...ута е многу значајна јавна услуга затоа што нејзиното присуство во една ...едина и посебно понудениот висок квалитет претставува најголем аргумент врз ...кој,кај секој еден кој се наоѓа или се движи по Јавните Површини(ЈП) во таа ... средина се стекнува првиот впечаток дека се работи за една естетска ,уредна и ... околина.

...ргнувајќи од едни вакви основи,за 2019 се подготви една опширна програма за ...жување на јавната чистота во градот која нудеше реална основа за Дебар да го добие ...итетот чист град.

Според програмата беше предвидено јавната чистота да се реализира со чистење – метење на улиците и тоа врз основа на утврден приоритет.Површините од првиот приоритет се метеа секој работен ден додека центарот и улиците околу него и ви Сабота и Недела.Зависно од периодот од годината со метење се почнуваше во раните утрински часови и се завршуваше со метењето на последната површина предвидена со програмот.

**А. Метење на улиците секој ден (Прва категорија)**

Од 7.00 14.00 часот во зимски период
Од 6.00 13.00 часот во летен период

| р.бр. | улица | опис | Ефективна површина |
|---|---|---|---|
| 1 | Ул.„Братство Единство„ | Од раскрс. со ул.„8-ми Септември„до спој со ул.„22-ри Декември„ | 3000 |
| 2 | Ул.„8-ми Септември„ | од мост на влез до раскрс. со ул.„Братство Единство„ | 6000 |
| 3 | Ул.„Велко Влаховиќ„ | од раскрс. со ул.„Братство Единство„ до раскрс. со | 2100 |
| 4 | Ул.„Атанас Илиќ„ | од раскрс. со Ул.„ Велко Влаховиќ„до противпожарен | 2100 |
| 5 | дел на ул.„ЈНА„ | од раскрс. со ул.„Братство Единство„ до влез на градски | 200 |
| 6 | Крак на ул.„8-ми Септември„ | од раскрс. со ул.„8-ми Септември„ до спој со | 600 |
| | | | 14.000,00м[1] |

**Б.Метење на улиците три пати седмично(втора категорија)**

**Јавните Површини од првиот приоритет втора категорија(точка Б од програмата за јавна чистота 2019)се метлеа и се чистеа два пати**

| | улица | опис | Ефективна површина $м^2$ |
|---|---|---|---|
| I | Ул.„1-ви Мај„ | Од раскрс.со кружен тек до спој со ул.„ЈНА„ | 2500 |
| 2 | Ул.„ЈНА„ | Од спој со Ул.„1-ви Мај„ до влез на градски амам | 300 |
| 3 | Ул.„Лиман Каба„ | Цела должина | 1200 |
| 4 | Ул.„Ибе Паликуќа„ | Од спој со ул.„ЈНА„до спој со ул.„Братство Единство„ | 1000 |
| 5 | Ул.„Јордан Зафировски„ | Од спој со ул.„Братство Единство„ до спој со ул.„Амди Леши„ | 1000 |
| 6 | крак на ул. „Братство Единство„ | Покрај комплекс „Градски пазар„ до раскрс.со ул„Амди Леши„ | 800 |
| 7 | Бул.„Илириа„ (100) | По цела должина | 3000 |
| | | | 9.500,00$м^2$ |

Ц.Метење на улици од приоритет 1 точка Ц се метеа два пати месечно(трета категорија)и тоа улиците „Амди Леши„/Едвард Кардел...(види програма за јавна чистота за 2019

Д. Метење на улици од приоритет 1 точка Д се метеа еднаш месечно(четврта категорија)и тоа улиците „Ленинова„/од кружниот тек до градскиот стадион...(види програма за јавна чистота за 2019

Врз основа на Програмата за Јавна Чистота од 2019г.се имаа метлено и чистено,миено,чистење на снег на јавни површини-тротоари, плоштади,булеварди,паркинзи,и така нат.во вкупна површина од 56,400$м^2$.

Почнувајќи од Март па се до крајот на на Ноември според утврдената динамика хигиената во јавните површини се одржуваше и со миење со автоцистерна.Со оваа услуга беа опфатени сите улици во градот каде што е овозможен пристап на автоцистерната.

Миењето на улиците се извршува од 22.00-6.00 часот во летниот период од 1 Април до 30 Ноември.

## А. Миење на улиците секој ден (четри пати месечно за улица)

| Р.бр. | улица | опис | Ефективна површина м$^2$ |
|---|---|---|---|
| 1 | Ул.„Братство Единство„ | Од раскрс. со ул.„8-ми Септември„до споі со ул.„22-ри Декември„ | 6.000,00 |
| 2 | Ул.„8-ми Септември„ | од мост на влез до раскрс. со ул.„Братство | 21.000,00 |
| 3 | Ул.„Велко Влаховик„ | од раскрс. со ул.„Братство Единство„ до раскрс. со кружен тек. | 6.800,00 |
| 4 | Ул.„Атанас Илиќ„ | од раскрс. со Ул.„ Велко Влаховиќ„до противпожарен дом | 6.600,00 |
| 5 | дел на ул.„ЈНА„ | од раскрс. со ул.„Братство Единство„ до влез на градски амам | 300,00 |
| 6 | Крак на ул.„8-ми Септември„ | од раскрс. со ул.„8-ми Септември„ до споі со Ул.„Велко Влаховиќ„ | 1.000.00 |
| 7 | Бул „Илириа„ (100) | По цела должина | 8.000.00 |
| | | | 49.700,00м$^2$ |

Во зимскиот период кога имаше снег и не беше возможно метење работниците беа ангажирани на чистење на снег и на отварање на патеки за движење на граѓаните.За побрзо реализирање на оваа услуга се користеа специјални возила за отварање на пристапни патеки.

Се чистат тротоарите и пристапи од јавни површини во делови каде нема објекти на физички и правни лица.(види год.прог.за јавна чистота за 2019).

Во текот на годината со метење и чистење на песок,кал,или земја на почетокот на секој месец беа опфатени и јавните повшини од втор приоритет. Два пати во годината и тоа во Април и во Септември беа изринати од песок и земја улиците од трет приоритет.Посебно би го спомнале чистењето во Март – Април затоа што од неколку улици се ринаа и изнесоа 23 м³ песок,материјал кој беше искористен во зимската служба од страна зимската одржувачка служба на патишта.

На неколку пати во текот на годината после врнежите на од дожд по улиците останаа огромни количини на изнесени песоци и кал.сето тоа беше изнесено рачно, а после тоа тие површини беа измиени со автоцистерна

Службата за одржување на јавната чистота беше мобилна и надвор од динамиката предвидена по програмот или по конкретно при одржување некои јавни манифестации каде што се собраа поголем број на луѓе после што беше неминовна потребата од интервенирање со метење и собирање на отпад.

Во месец Ноември покрај редовното метење на улиците и тротуарите беа организирани неколку акции за чистење на паднати лисја од дрвјата по паркови,улици и тротуари и истите со возила беа пренесени во градската депонија.

Градското зеленило кое е организирано и се одржува во Дебар е многу малку застапено и тоа во главно во Паркот на Градскиот Плоштад,Булеварот Илирија и во Населба Венец1 ни беше значајна преукупација во работењето. Во текот на целата година се чистеа тревните површини од отпадоци и гранки,додека на пролет и и во лето истата беше редовно покосена и наводнувана.

Според реализираните активности во текот на 2019 г.но и според реакциите на граѓаните,мислиме дека направивме јавната чистота во Дебар во 2019 г. да го одржиме во високо ниво.

# ФИНАНСКИ ИЗВЕШТАЈ

Во табелата кое ви е дадена во прилог ви е покажено финансискиот извештај за тоа колку е фактурирано и колко е реализирано од тоа фактурирање :

| Финансиски Извештај за Јавна Чистота за 2019 | | |
|---|---|---|
| Фактурирано | 2.791.300.00 | 100 % |
| Исплатено | 1.674.780,00 | 60 % |